# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 60 Год. LXIV Понеделник, 12 мај 2008 Цена на овој број е 150 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## С О Д Р Ж И Н А


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1040. | **Одлука** за изменување на Одлуката за именување на претседатели, членови и нивни заменици на општинските изборни комисии.................................. | 1 |
| 1041. | **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата..... | 2 |
| 1042. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија................................. | 3 |
| 1043. | **Правилник** за начинот и постапката за избор на претставници во Собранието на Фармацевтската комора на Македонија................................................ | 6 |
| 1044. | **Решение** за исправка на Статутот од Фармацевтската комора на Македонија... | 6 |
| | **Огласен дел**.......................................... | 1-56 |


## ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

**1040.**

Врз основа на член 18 и член 35 став 1 од Изборниот законик (“Службен весник на Република Македонија” број 40/2006), Државната изборна комисија, на седниците одржани на 7 и 9 мај 2008 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА ОПШТИНСКИТЕ ИЗБОРНИ КОМИСИИ

I. Во Одлуката за именување на претседатели, членови и нивни заменици на општинските изборни комисии (“Службен весник на Република Македонија” бр. 55/2006, 58/2006, 72/2006, 75/2006, 2/2007 и 53/2008) се вршат следните измени:

1. Во делот на **Општинската изборна комисија Гази Баба** заменик -членот Цветко Мојсовски од Управата за јавни приходи, се разрешува.

За заменик - член се именува Драганчо Апостоловски од Министерството за надворешни работи.

2. Во делот на **Општинската изборна комисија Тетово** членот Азем Илјази од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, се разрешува.

За член се именува Љуан Каримани од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

3. Во делот на **Општинската изборна комисија Врапчиште,** членот Мино Страшевски од Министерството за финансии, се разрешува.

За член се именува Јовица Страшевски од Дирекција за заштита на лични податоци - Гостивар.

Членот Нафије Зендели-Зибери од Општина Гостивар, се разрешува.

За член се именува Мехмеди Вебија од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

4. Во делот на **Општинската изборна комисија Желино** членот Берат Даути од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, се разрешува.

За член се именува Алји Алили од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

5. Во делот на **Општинската изборна комисија Центар** заменик – претседателот Катерина Оровчанец од Министерство за економија, се разрешува.

За заменик - претседател се именува Љубица Дамњановска од Министерството за надворешни работи.

6. Во делот на **Општинската изборна комисија Маврово и Ростуша** претседателот Коста Костов од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, се разрешува.

За претседател се именува Јове Апостолоски од Секретаријатот за законодавство.

7. Во делот на **Општинската изборна комисија Струмица** членот Елена Терзиева од Министерство за здравство, се разрешува.

За член се именува Јованка Тренчевска од Министерство за труд и социјална политика - Струмица.

8. Во делот на **Општинската изборна комисија Петровец** членот Јаглика Силјановски од Министерството за здравство, се разрешува.

За член се именува Вања Стојановиќ од општина Илинден.

9. Во делот на **Општинската изборна комисија Брвеница** членот Стојко Пауновски од Управата за јавни приходи, се разрешува.

За член се именува Ѓорѓи Божиновски од Општина Брвеница.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-573/1
10 мај 2008 година
Скопје

Претседател на Државната
изборна комисија,
**Јован Јосифовски,** с.р.

---

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1041.**

Врз основа на член 19, алинеја 6 од Законот за енергетика ("Службен весник на РМ" бр. 63/06 и 36/07), член 28 од Законот за акцизите ("Службен весник на РМ" бр.32/01, 50/01, 52/01 , 45/02, 98/02, 24/03, 96/04 и 38/05), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност ("Службен весник на РМ" бр. 44/99,59/99,86/99,11/00,8/01, 21/03 и 19/04), Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 12.05.2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- МБ-96 (ПРЕМИУМ) до 34,550
- ЕУРОСУПЕР - 95 до 34,691
- ЕУРОСУПЕР - 98 до 35,606

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) до 43,652

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно (ЕЛ) до 43,124
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 43,454

г) Мазут ден/кг
- М-2 до 24,906

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што :

А. Највисоките малопродажни цени ( 1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- МБ-96 (ПРЕМИУМ) до 74,50
- ЕУРОСУПЕР - 95 до 71,50
- ЕУРОСУПЕР - 98 до 72,50

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) до 70,50

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно (ЕЛ) до 59,00
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 59,50

г) Мазут ден/кг
- М-2 до 30,038

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од потточката "г" и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|
| МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | 74,00 | 73,50 | 73,00 |
| ЕУРОСУПЕР - 95 | 71,00 | 70,50 | 70,00 |
| ЕУРОСУПЕР - 98 | 72,00 | 71,50 | 71,00 |
| ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) | 70,00 | 69,50 | 69,00 |
| Е Л - ЕКСТРА ЛЕСНО | 58,50 | 58,00 | 57,50 |
| Е Л -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | 59,00 | 58,50 | 58,00 |

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цената за мазутот М-2, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-2 важи франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цената за мазутот М-2 , содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа Одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- МБ-96 (ПРЕМИУМ) до 0,150
- ЕУРОСУПЕР - 95 до 0,080
- ЕУРОСУПЕР - 98 до 0,080

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) до 0,030

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно (ЕЛ) до 0,040
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 0,040

г) Мазут ден/кг
- М-2 до 0,050

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | до 24,736 |
| - ЕУРОСУПЕР - 95 | до 22,122 |
| - ЕУРОСУПЕР - 98 | до 22,055 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) | до 12,364 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 3,136 |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 3,230 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-2 | до 0,100 |

Член 5

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука , трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | Ед. мерка | (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) |
|---|---|---|---|---|---|
| МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОСУПЕР - 95 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОСУПЕР - 98 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Е Л - ЕКСТРА ЛЕСНО | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Е Л 1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| МАЗУТ М - 2 | ден/кг | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 00,01 часот на 13.05.2008 година.

Бр. 02-863/1
12 мај 2008 година
Скопје

Претседател,
**Славе Ивановски,** с.р.

---

**1042.**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56, став 1, точка 14, а во врска со член 54 став 1, точка 8, член 63а, 63б и 63в од Законот за здравственото осигурување ("Сл.весник на РМ" бр.25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007 и 36/2007), и член 2, член 5 и член 18 од Правилникот за утврдување на критериуми и постапка за одредување на референтни цени на лекови ("Сл.весник на РМ" бр.8/2008), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 29.04.2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА ЛЕКОВИ КОИ СЕ НА ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

### Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, објавена во „Службен весник на РМ" број 14/08 од 29.01.2008 ;19/08 од 06.02.2008; 22/08 од 14.02.2008 и 37/08 од 19.03.2008 година се вршат следните исправки:

На страна 17 од Службениот весник, ставката со АТС кодот A02BA02 Ranitidine таблети/филм обложени таблети 300mg се заменува со следната табела:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| A02BA02 | Ranitidine | Таблети/ Филм обложени таблети | 300 mg | | | | |
| | | | | ULCODIN | Alkaloid | 20 | 68,20 |

На страна 20 од Службениот весник, ставката со АТС кодот B05BA03 Glucose раствор за инјектирање 35%/10ml се заменува со следната табела:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| B05BA03 | Glucose | Раствор за инјектирање | 35%/10ml | | | | |
| | | | | DEXTROSE 35% | Demo S.A. | 50 | 1.100,00 |

На страна 23 од Службениот весник, ставката со АТС кодот C09CA01 Losartan таблети/филм обложени таблети 25mg се заменува со следната табела:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| C09CA01 | Losartan | Таблети/ Филм обложени таблети | 25 mg | | | | |
| | | | | RESILO | Dr.Reddy's Laboratories Ltd | 20 | 75,74 |

На страна 23 од Службениот весник, ставката со АТС кодот G02AB01 Methylergometrine инјекции 0,2mg/ml се заменува со следната табела:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| G02AB01 | Methylergometrine | Инјекции | 0,2mg/ml | | | | |
| | | | | METHYLERGOMETRINE | Hemofarm | 50 | 272,51 |

На страна 24 од Службениот весник, ставката со АТС кодот G04CA03 Terazosin таблети/капсули 5mg се заменува со следната табела:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| G04CA03 | Terazosin | Таблети/ Капсули | 5 mg | | | | |
| | | | | KORNAM | Lek | 20 | 124,54 |
| | | | | KORNAM | Lek | 30 | 186,81 |
| | | | | TERAZOSIN | Replekfarm | 20 | 124,54 |

На страна 25 од Службениот весник, ставката со АТС кодот H05BA01 Calcitonin назален спреј 200 U се заменува со следната табела:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| H05BA01 | Calcitonin | Назален спреј | 200 U | | | | |
| | | | | RECALCITON | Replekfarm | 1 | 1.000,00 |
| | | | | LATONINA | Faran | 1 | 1.000,00 |
| | | | | MIACALCIC | Novartis | 1 | 1.000,00 |

На страна 26 од Службениот весник, ставката со АТС кодот J01DC02 Cefuroxime инјекции 250mg се заменува со следната табела:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| J01DC02 | Cefuroxime | Инјекции | 250 mg | | | | |
| | | | | MULTISEF | Mustafa Nevzat Ilac | 1 | 53,90 |

На страна 27 од Службениот весник, ставката со АТС кодот J01EE03 Sulfametrole+trimethoprim таблети (400+80)mg се заменува со следната табела:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| J01EE03 | Sulfametrole+ trimethoprim | Таблети | (400+80) mg | | | | |
| | | | | LIDAPRIM | Alkaloid | 20 | 124,58 |

На страна 28 од Службениот весник, по ставката со АТС код J01MA03 Pefloxacin Инјекции 400mg/5ml се додава следната табела:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| J01XB01 | Colistin | Инјекции | 1.000.000 IU | | | | |
| | | | | COLOMYCIN | Forest Laboratories UK Ltd | 10 | 3.827,46 |

На страна 28 од Службениот весник, ставката со АТС кодот J02AC01 Fluconazole капсули 200mg се заменува со следната табела:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| J02AC01 | Fluconasole | Капсули | 200 mg | | | | |
| | | | | DIFLUKONAZOL | Replekfarm | 7 | 355,95 |

На страна 28 од Службениот весник, ставката со АТС кодот J06BA02 Immunoglobulin human инјекции 5g се заменува со следната табела:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| J06BA02 | Immunoglobulin human | Инјекции | 5 g | | | | |
| | | | | IG-VENA | Kedrion | 1 | 16.600,00 |
| | | | | ENDOBULIN | Baxter | 1 | 16.600,00 |

На страна 30 од Службениот весник, по ставката со АТС код L03AA10 Lenograstim инјекции 33.6 MIU/ml се додава следната табела:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| L03AB05 | Interferon alfa-2b | Инјекции | 15MIU/ml | | | | |
| | | | | INTRON A | Schering Plough | 1 | 7.902,91 |
| L03AB05 | Interferon alfa-2b | Инјекции | 25MIU/ml | | | | |
| | | | | INTRON A | Schering Plough | 1 | 12.759,93 |

На страна 32 од Службениот весник, ставката со АТС кодот N03AG01 Valproic acid,Sodium valproate таблети/обложени таблети/филм обложени таблети 150mg се брише следната табела:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| N03AG01 | Valproic acid, Sodium valproate | Таблети/ Обложени таблети/ Филм обложени таблети | 150 mg | | | | |
| | | | | APILEPSIN | Krka | 100 | 522,45 |

На страна 33 од Службениот весник, ставката со АТС кодот R03AC02 Salbutamol таблети 2mg се заменува со следната табела:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| R03AC02 | Salbutamol | Таблети | 2 mg | | | | |
| | | | | SALBUTAMOL ALKALOID | Alkaloid | 60 | 33,60 |
| | | | | SPALMOTIL | ICN | 60 | 33,60 |
| | | | | VENTOLIN | GSK | 100 | 56,00 |

На страна 34 од Службениот весник, ставката со АТС кодот R03BA02 Budesonide назален спреј 100mcg/doza се заменува со следната табела:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| R03BA02 | Budesonide | Назален спреј | 100mcg/doza | | | | |
| | | | | ALERZIN | Replekfarm | 1 | 278,00 |
| | | | | UDESOSPRAY | Faran | 1 | 278,00 |

## Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на РМ“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Оваа одлука ќе се применува од 01.06.2008, освен одредбите за АТС кодот J01XB01 - Colomycin (colistin) инјекции 1.000.000 IU и за АТС кодот L03AB05 Intron A (interferon alfa-2b) инјекции 15MIU/ml и 25MIU/ml кои ќе се применуваат со денот на влегување во сила на Одлуката.

Бр. 02-5380/2
29 април 2008 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Аљбон Џемаили,** с.р.

**ФАРМАЦЕВТСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**1043.**

Врз основа на член 22 од Статутот на Фармацевтската комора на Македонија од 16.11.2007 година, Собранието на Комората, на седница одржана на 29.02.2008 година донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСТАВНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА ФАРМАЦЕВТСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со одредбите на овој правилник се регулира избирачкото право, органите надлежни за спроведување на изборите и постапката за избор на претставници во собранието на Фармацевтската комора на Македонија, во натамошниот текст: Собрание на Комората.

## ИЗБИРАЧКО ПРАВО

Член 2

Секој дипломиран фармацевт - член на Фармацевтската Комора на Македонија има право да избира и да биде избиран за претставник во Собранието на Комората.

Дипломиран фармацевт кому му е одземена лиценцата за работа, во периодот за кој му е одземена, нема право да избира ниту да биде избиран за претставник во Собранието.

Дипломиран фармацевт не може да биде предложен и избран за претставник во Собранието ако тоа не го сака.

Член 3

Во Собранието на Комората се избираат вкупно 54 претставници - дипломирани фармацевти.

Претставниците во Собранието се избираат од членството на комората на територијален принцип, по територијални единици.

Дипломираните фармацевти со живеалиште или престојувалиште на подрачјето на една територијална единица го сочинуваат членството на комората од таа територијална единица.

Од територијална единица бр.1 која го опфаќа подрачјето на општините: Куманово, Крива Паланка, Кратово, Пробиштип, Злетово, и други населени места околу нив, се избираат 5 претставници;

Од територијална единица бр. 2 која го опфаќа подрачјето на општините: Свети Николе, Штип, Кочани, Виница, Делчево, и другите населени места околу нив, се избираат 5 претставници;

Од територијална единица бр. 3 која го опфаќа подрачјето на општините: Валандово, Струмица, Берово, Пехчево, Радовиш и други општини и населени места околу нив, се избираат 5 претставници;

Од територијална единица бр. 4 која го опфаќа подрачјето на општините: Велес, Кавадрци, Неготино, Гевгелија, Богданци, Дојран и други општини и населени места околу нив, се избираат 5 претставници;

Од територијална единица бр.5 која го опфаќа подрачјето на општините: Прилеп, Крушево, Демир Хисар, Македонски Брод и други општини и населени места околу нив, се избираат 5 претставници;

Од територијална единица бр. 6 која го опфаќа подрачјето на општините: Битола, Охрид, Ресен, Струга и други општини и населени места околу нив, се избираат 5 претставници;

Од територијална единица бр. 7 која го опфаќа подрачјето на општините: Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар и другите општини и населени места околу нив, се избираат 5 претставници;

Од територијална единица бр. 8 која го опфаќа подрачјето на: град Скопје, општините во негов состав и населените места околу нив, се избираат 15 претставници.

Во Собранието на Комората, по еден претставник делегираат:

Фармацевтскиот факултет, Македонско Фармацевтско Друштво, Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување.

Член 4

Изборите за претставници во Собранието се одржуваат секоја четврта година во последните 60 дена од мандатот на предходниот собраниски состав или во рок од 60 дена од денот на распуштањето на собранието.

Мандатот на претставниците трае од денот на неговото верификување до верификувањето на мандатот на новоизбраните членови.

На претставник во собранието може да му престане мандатот и пред времето за кое е избран во случаи регулирани со статутот на комората.

Право да избира и да биде избран има секој дипломиран фармацевт, државјанин на Република Македонија со место на живеалиште или престојувалиште на територијата на Републиката.

Дипломиран фармацевт избран за претставник во Собранието на Комората неможе да биде избран или именуван за член во друг орган или тело на Комората, освен во случаи пропишани во статутот.

## ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Член 5

Изборите ги спроведуваат Изборната комисија и избирачките одбори.

Изборната комисија:

- Се грижи за подготвување и спроведување на изборите во согласност со одредбите на овој правилник и статутот на Комората;
- Дава упатства, појаснувања и препораки за примената на одредбите на овој правилник;
- Утврдува критериуми за предлагање и избор на кандидати за: претседател на Комората, претседател на Собранието на Комората, Обвинител, и претседатели на други органи и тела на Комората;
- Ја контролира работата на избирачките одбори;
- Одлучува по приговори врз основа на увид во изборниот материјал.
- Презема мерки во случај на повреда на постапката на кандидирање, спроведување и утврдување на резултатите од изборите;
- Разрешува членови на избирачки одбори во случај на нивно постапување спротивно од одредбите на овој правилник;
- Ги сумира, утврдува и објавува резултатите од гласањето;
- Ги објавува резултатите од спроведените избори;
- Издава потврди за извршениот избор.

Изборната комисија е составена од претседател и 4 члена.

**Избирачки одбор**

Избирачкиот одбор се формира за секоја територијална единица.

Избирачкиот одбор има претседател и 4 члена.

Избирачкиот одбор непосредно ја спроведува изборната постапка во својата територијална единица.

Избирачкиот одбор:

- составува список - листа на дипломирани фармацевти со живеалиште или престојувалиште на својата територијална единица;
- непосредно го спроведува предлагањето и гласањето;
- составува предлог- листа на претставници;
- составува записник за својата работа;

ИЗБОРНА ПОСТАПКА

Член 6

Изборите ги распишува со одлука Претседателот на Собранието најдоцна 60 дена пред да истече мандатот на постојното Собрание.

Со одлуката од предходниот став, а врз основа на поднесени предлози од територијалните единици, Претседателот на Собранието ја формира Изборната комисија и нејзиниот состав; ги формира избирачките одбори на територијалните единици и нивниот состав, и го определува датумот на започнувањето и завршувањето на изборната постапка.

По еден примерок од одлуката се доставува до претседателот на Изборната комисија и до Претседателите на избирачките одбори во секоја територијална единица.

Член 7

Избирачкиот одбор, во рок од 30 дена од добивањето на одлуката од член 5 на овој правилник, должен е да изготви список на дипломирани фармацевти со живеалиште, односно престојувалиште на подрачјето на својата територијална единица.

Списокот се изготвува на образец кој е составен дел на овој Правилник.

Член 8

По истекот на рокот од член 6 на овој Правилник, Избирачкиот одбор свикува состанок на членството од својата територијална единица на кој членовите предлагаат и избираат по 5 (Град Скопје - 15 ) кандидати за претставници во Собранието од својата територијална единица.

Секој дипломиран фармацевт има право да предложи само еден кандидат.

Предлогот се смета за усвоен ако за него гласале мнозинство од присутните членови, ако на состанокот присуствувале повеќе од половината од вкупниот број членови на територијалната единица.

По сумирањето на резултатите од предлагањето и гласањето,

Избирачкиот одбор составува предлог - листа на кандидати за претставници во Собранието.

Член 9

За својата работа Избирачкиот одбор составува Записник кој заедно со Предлог - листата на кандидати и Списокот на членови од член 6 на овој Правилник, во рок од 3 дена од завршување на изборот го доставува до Изборната комисија.

Член 10

Изборната комисија го собира изборниот материјал доставен од избирачките одбори; го разгледува и утврдува дали изборната постапка во територијалните единици е спроведена во согласност со одредбите од овој правилник; составува извештај за спроведената изборна постапка, и изготвува Предлог - листа на кандидати за претставници во Собранието на Комората.

Член 11

Доколку утврди одредени неправилности, Изборната комисија писмено го известува избирачкиот одбор и одредува рок за нивно отстранување.

Доколку избирачкиот одбор не ги отстрани утврдените неправилности во одредениот рок, Изборната комисија ќе ги именува претставниците од таа изборна единица на следниот начин: по еден претставник од секоја општина наведена по име во чл. 2 од овој правилник, имајќи го во предвид бројот на членството од таа општина.

Член 12

Во рок од 15 дена пред истекот на мандатот на постојното Собрание Претседателот на собранието свикува конститутивна седница на Собранието во нов состав со следниот дневен ред:

- Усвојување на извештајот на Изборната комисија за спроведените избори;
- Усвојување на Предлог - листата на кандидатите за претставници во собранието на Комората;
- избор на Претседател на собранието;
- избор на Претседател на Комората;
- избор на членови на органите и работните тела на Комората.

Член 13

Со седницата на Собранието во новиот состав, раководи најстариот претставник во Собранието од предходниот состав.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 14

Овој правилник влегува во сила во рок од 8 дена од денот на објавувањето во "Сл. весник на РМ".

Член 15

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапката за избор на членови - претставници на Собранието на Фармацевтската комора на Македонија донесен на 26.3.1996 година.

Бр. 02-170/3
5 мај 2008 година
Скопје

Фармацевтска
комора на Македонија,
Претседател,
проф.д-р. **Лидија Петрушевска Този,** с.р.

---

**1044.**

Врз основа на член 37од Статутот на Фармацевтската комора на Македонија, претседателот на Комората во врска со објавениот текст на Статутот на Комората во "Сл. весник на Република Македонија" бр. 5 од 11. 1. 2008 година, донесе

РЕШЕНИЕ ЗА ИСПРАВКА

Во текстот на Статутот на Фармацевтската Комора на Македонија објавен во "Сл. весник на РМ" бр. 5 од 11. 1. 2008 година се врши следната исправка:

- Во член 21 се брише став 3.
- Во член 51 став 1 се брише зборот: собранието.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По извршената споредба на текстот на Статутот на Фармацевтската Комора на Македонија објавен во цитираниот Службен весник со изворниот текст на Статутот усвоен од Собранието на Комората на седницата одржана на 16.11.2007 година констатирани се горенаведените технички грешки при изготвувањето на примерокот од текстот на Статутот наменет за објавување во "Сл. весник на РМ".

Врз основа на претходно наведеното претседателот на Комората одлучи како во изреката согласно член 38 став 1, алинеи 2 и 4 од Статутот на Фармацевтската комора на Македонија,

Одлуката да се објави во "Сл. весник на РМ".

Бр. 02-1702
5 мај 2008 година
Скопје

Фармацевтска
комора на Македонија,
Претседател,
проф.д-р. **Лидија Петрушевска Този,** с.р.

**Во издание на ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ**
**излезе од печат изданието**

НОВО!




НОВО!

НОВО!

***- Интегрален текст -***
***Предговор, кратки***
***објаснувања и***
***Регистар на поими***

650,00

**Акад. ВЛАДО КАМБОВСКИ**

## П О Р А Ч К А БР. 60

**Со ова неотповикливо го порачувам изданието Кривичен законик во ______ примероци.**

**Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди“ бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.**

**Порачател: ________________________________________. Место: __________________________**
**ул. ________________________________ бр. ____________, тел./факс _______________________**

**Потпис на порачателот**

**www.slvesnik.com.mk**
**contact@slvesnik.com.mk**

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.**
**Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.**
**Телефакс: +389-2-3112-267.**

**Претплатата за 2008 година изнесува 9.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2008060